Продолжува дигитализацијата на општина Кисела Вода Уште 20 нови дигитални услуги на интернет страницата на општина Кисела Вода Запишување на децата во градинка по електронски пат, пријава за инспекциски служби, поставување директни прашања до градоначалникот, или до советниците се едни од 20те нови дигитални услуги што општината Кисела Вода ги воведе денеска. Овие услуги се достапни на новата општинска интернет страница https://opstinakiselavoda.gov.mk/ и со ова продолжува дигитализацијата на општината започната пред речиси две години.



## Слични вести




### Катастар до тебе

ПРОЧИТАЈТЕ ПОВЕЌЕ »



„Дигитализацијата на општината претставува значаен чекор кон подобрување на транспарентноста, отвореноста и ефикасноста на локалната самоуправа. Воведувањето на дигитални услуги овозможува значително олеснување на процедурите за граѓаните и бизнис заедницата, и истовремено го намалува ризикот од коруптивни дејствија. Овие промени ја поставуваат основата за една модерна, ефективна и отворена општина која е насочена кон потребите на своите граѓани', изјави градоначалникот на Кисела Вода, Орце Ѓорѓиевски. Со новите услуги ќе биде овозможено следење на системот на јавни набавки, плаќање на такси поврзани со општината.  „Нема да има повеќе уписи преку врски во градинки. Родителот од дома ќе може да аплицира, да наведе за која градинка е заинтересиран и за истата да аплицира. Со тоа и ние како локална самоуправа точно ќе знаеме во секој момент колкав број на деца има за упис, каде има потреба од отворање на дополнителни капацитети. Преку се апликациите "Прашај го градоначалникот" и "Прашај го својот советник" нашите жители ќе можат да комуницираат во прво лице со лицата кои ги избрале да ги решаваат нивните проблеми", додаде Ѓорѓиевски.  Новата интернет страница https://opstinakiselavoda.gov.mk/ е дел од проектот што го спроведува УНДП со Швајцарската влада и Министерството за локална самоуправа.



Ѓорѓиевски во увид на реконструкцискиот зафат во ООУ "Круме Кепески"

ПРОЧИТАЈТЕ ПОВЕЌЕ »



Средба на градоначалникот Ѓорѓиевски со претседателот на Стопанската комора на Северо-Западна Македонија Нухиу Алиу

ПРОЧИТАЈТЕ ПОВЕЌЕ »